ЗАПИСНИК
од 42-та седница на Советот на Агенцијата за аудио
и аудиовизуелни медиумски услуги
одржана на 01.12.2020 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, д-р Методија Јанчески, Зоран Фидановски и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска.

**Други присутни:** /

Г-дин Петрушевски ја отвори 42-та Седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 12:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 7 гласа „за“ го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 41-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 17.11.2020 година.
2. Предлог за покренување на постапка за одземање на дозвола за телевизиско емитување.
3. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 41-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 17.11.2020 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за покренување на постапка за одземање на дозвола за телевизиско емитување на ТРД ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница-Пласница. Објасни дека овој радиодифузер веќе подолго време не емитува програма и согласно добиените информации од кабелските оператори ТВ Аниса не емитува програма многу одамна, уште од јуни-јули оваа година. Согласно дозволата за телевизиско емитување овој медиум треба да емитува најмалку 6 часа дневно програма, но бидејќи ова се

случува подолго од 30 дена, до Советот се предлага да се покрене постапка за одземање на дозволата. По истекот на 14 или 15 дена ќе се направи повторно проверка за да се утврди дали радиодифузерот започнал со емитување програма. Потоа во зависност од констатираната состојба ќе се донесе одлука за одземање на дозволата или решение за запирање на покренатата постапка.

Г-дин Петрушевски рече дека според негови претпоставки самите сопственици на медиумот се имаат откажано од него бидејќи не гледа друга причина зошто подолго време не емитува програма.

Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница-Пласница, 08-59 од 05.01.2015 година поради прекршување на член 82 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Согласно Писмениот извештај за извршен вонреден административен надзор, по службена должност, бр.03-4260/1 од 19.11.2020 година радиодифузерот не емитувал најмалку 6 часа дневно програма на телевизија, односно престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини.

Г-дин Петрушевски посочи радиодифузерот службено да се информира за одлуката на Советот и по истекот на дадениот рок да се направи контролен надзор. Дали медиумот ќе опстане останува да се види за 15 дена, но како што сега изгледа ситуацијата е со лош почеток.

**Точка 3**

**Разно**

Немаше точки под Разно

**Бр.02-4349/1**
**27.11.2020 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**заменик на претседател на Советот**

**д-р Милами ФЕТАИ**